„Здраво, јас сум Алан. Драго ми е што се запознавме.“
„Ти не се викаш Алан, се викаш Фиром.“
„Молам?“
„Фиром. Се викаш Фиром, не Алан.“

„Како мислиш?“
„Е па, Фиром е име што ти го дадовме јас и моите пријатели.“
„Ама јас се викам Алан. Така отсекогаш се викав.“
„Отсекогаш?“
„Па, откако ме има.“
„Океј. Слушај вака. Твоето ново име е Фиром. Името Алан е веќе зафатено.“
„Па што ако е зафатено. Тоа ми е името. И други луѓе го користат.“
„Е па, нам не ни се допаѓа кога го користиш. Веќе знаеме некој друг што се вика Алан и ако го користиш, изгледаш како натрапник.“
„Ама тоа ми е името.“
„Кое?“
„Алан.“
„Не. Ти се викаш Фиром. Алан се вика некој друг.“
„Океј, можеш да ме викаш Фиром ако сакаш, ама јас пак си се викам Алан.“
„Не, туку Фиром.“
„Како можеш ти да ми кажуваш како се викам?“
„Баш тоа сега и го правам.“
„Океј, ајде можеш така да ме викаш, ама јас пак ќе им се претставувам на луѓе како Алан.“
„Нема.“
„Како така?“
„Па, ако го правиш тоа, тие само онака ќе ти се смеат и ќе им биде неудобно.“
„Зошто?“
„Затоа што се викаш Фиром, и затоа што може да има само еден Алан, а тие ќе знаат дека ти не си тој.“
„Што ќе правите сега, ќе зборувате со сите во светот и ќе им кажете дека името не ми е всушност Алан?“
„Ако мораме.“

Алан бледо зјапаше во него. А мислеше дека ова ќе биде забавна вечер. Беше неговиот 18-ти роденден. Вечерва значеше конечна независност.

„Е па мене не ми е гајле за името Фиром.“
„А какво име би сакал?“
„Алан.“
„Нема шанси.“

„Фиром звучи  чудно.“
„Тогаш избери си подобро име.“
„Не бе, јас сум  си Алан.“
„Како сакаш. Со среќа кога ќе сакаш да убедиш некого во тоа.“
„Слушај, јас  сум Алан. Моите родители знаат  дека сум Алан. Браќата и сестрите знаат дека сум Алан. Сите тие  ме викаат Алан. Сите најважни луѓе во мојот живот ме викаат Алан.“
„Да? Кога последен пат те ословија?“
„Не знам. Кога влегоа низ врата и ми посакаа  среќен роденден.“
„Не, никој од нив не те нарече Алан. Сите се согласија  дека новото име ти е Фиром. Зборувавме денес со нив. Само повеќе сакаат да не те викаат Фиром в лице затоа  што знаат дека ќе ти биде непријатно. Сите освен тој чудниот Швеѓанин во ќошот. Тој уште те вика Алан. Те вика Алан дури и кога не си тука. Одбива да те вика Фиром.“

Алан, на кого му стана некако непријатно, фрли поглед накај Швеѓанинот. Алан едвај да го познаваше. Зар навистина тоа беше единствениот човек во собата што уште го викаше Алан?

„Океј, Фиром. Морам  да бегам. Честитки за 18-от роденден. Добредојде во светот. Сега си сам со себе. Ти посакувам  се најдобро. А иако Фиром е чудно  име, го ценам тоа што си толку смирен во врска со тоа.“

И си отиде.

А Фиром погледна наоколу по собата, не сосема сигурен  во што да верува.

Алан Стево ,

Роден во Чикаго, Америка
по потекло Словак, моментално живее во Братислава, Словачка

превод од англиски
Илија Димитровски

FYROM

“Hi, my name’s Allan. Pleased to meet you.”
“You’re name’s not Allan, your name’s Fyrom.”
“Excuse me?”
“Fyrom, Fyrom’s your name. Not Allan.”
“How do you figure?”
“Well, Fyrom’s a name my friends and I came up with for you.”
“But my name’s Allan. That’s the name I’ve always had.”
“Always?”

“Well, ever since I’ve been around.”
“Ok. Well, listen. Your new name is Fyrom. The name Allan’s already been taken.”
“So what if it’s taken. It’s my name. Other people can use it too.”
“Well, we don’t like it when you use it. We know somebody else called Allan and if you use it, it makes you seem like an imposter.”
“But it’s my name.”
“What is?”
“Allan.”

“No. Your name’s Fyrom. Allan is somebody else’s name.”
“Okay, you can call me Fyrom if you want, but my name’s still Allan.”
“No, it isn’t. It’s Fyrom.”
“How are you going to tell me what my name is?”
“That’s what I’m doing right now.”
“Okay, well you can call me that, but I’m still going to introduce myself to people as Allan.”
“No you won’t.”
“What do you mean?”
“Well, if you do that, they’ll just sort of laugh at you uncomfortably.”
“Why?”
“Because your name’s Fyrom, and there can only be one Allan, and they will know you aren’t him.”
“What are you going to do, talk to everyone in the world and tell them my name’s not really Allan?”
“If we have to.”
Allan stared blankly at him. He had hoped this would be kind of a fun evening. It was his 18th birthday. Tonight meant independence at last.
“Well, I don’t care for the name Fyrom.”
“Which name would you prefer?”
“Allan.”
“Not possible.”
“Fyrom sounds weird.”
“Pick a better name then.”
“Nope, I’m Allan.”
“Have it your way. Good luck trying to convince anyone of that.”
“Listen, I’m Allan. My parents know I’m Allan. My brothers and sisters know I’m Allan. They all call me Allan. All the most important people in my life call me Allan.”
“Yeah? When was the last time they did that?”
“I don’t know. When they walked in the door and wished me happy birthday.”
“No, none of them called you Allan. They’ve all agreed that your new name is Fyrom. We spoke to them earlier today. They just prefer not to call you Fyrom to your face because they know it will bother you. All except for that weird Swedish guy in the corner. He’s still calling you Allan. He even calls you Allan when you’re not around. He refuses to call you Fyrom.”

Allan looked over at the Swedish guy kind of uncomfortably. Allan barely even knew him. Could that really be the only person in this room still calling him Allan?

“Okay, Fyrom, I’ve gotta run. Congratulations on turning 18. Welcome to the world. You’re on your own now. I wish you all the best. And even though Fyrom’s a weird name, I appreciate you being so good about this.”

And he walked away.
And then Fyrom looked around the room, not quite sure what to believe.

Allan Stevo,

wrigter
Born in Chicago, Amerika
Of Slovak origin, now living in Bratislava, Slovakia